**20170500971**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со членовите 84 и 87 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.4.2017 донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИСТАП И КОРИСТЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИ МРЕЖНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за пристап и користење на специфични мрежни средства (“Службен весник на Република Македонија“ број 42/15), насекаде во текстот зборовите “кабелска инсталација“ се заменуваат со зборовите “кабелска канализација“.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат и дефиниции и појаснувања кои го имаат следното значење:

а) кабелска канализација е дел од физичка инфраструктура која се состои од мрежа на подземни канали и/или цевки од соодветен материјал, кабелски шахти и кабелски галерии, која служи за поставување и заштита на електронски комуникациски кабли;

б) хоризонтална кабелска канализација е канализација која ги вклучува оние физички елементи кои што постојат во централната мрежа (core network) и во пристапниот дел до крајните корисници (access network);

в) вертикална кабелска канализација е канализација која ги вклучува физичките елементи инсталирани по зградите;

г) терминирани сегменти се сегменти кои се наоѓаат помеѓу:

- дистрибуциската точка и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-до-точка оптички мрежи и бакарни мрежи;

- или оптички сплитер и краен корисник (или спојна кутија) во случај на точка-повеќе-точки пасивни оптички мрежи;

- оптички јазол и краен корисник (или спојна кутија) во случај на хибридно оптичка коаксијална мрежа.

д) влезен сегмент (eng. feeder) е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame), хибридно оптички коаксијален (HFC) разделник или главниот разделник (Main Distribution Frame) и дистрибуциската точка (или оптичкиот сплитер);

ѓ) агрегациски сегмент (eng. backhaul) е сегмент кој се наоѓа помеѓу оптичкиот разделник (Optical Distribution Frame), хибридно оптички коаксијален (HFC) разделник или главниот разделник (Main Distribution Frame) и IP управуваната мрежа (backbone);

е) неискористени кабли се кабли кои што не се користени во претходната година и кои што нема да се користат согласно моменталните или идните предвидливи потреби за период од пет години и

ж) LRIC (Long Run Incremental Costs) е методологија за пресметка на долгорочни трошоци.“

Член 3

Во член 3 заградата и зборовите во заградата “кабелски окна“ се бришат, а точката 4) се менува и гласи:

„4) вертикална кабелска канализација (внатрешни инсталации во зградите).“.

Член 4

Во член 4 став (1) зборовите: “во каналите“ се бришат.

Ставовите (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(3) Операторот треба да овозможи доволен слободен простор во хоризонталната кабелска канализација со цел истиот да биде заеднички користен од операторите за потребите на одржување и поправки.

(4)Операторот треба да обезбеди каналите и цевките да бидат идентификувани во кабелските шахти и/или кабелските галерии со соодветни кодови со цел да се овозможи идентификација на соодветниот сопственик. “

Член 5

Член 5 став (3) се менува и гласи:

„(3) Во случај кога физички и технички е невозможно операторот да ги исполни барањата за пристап поднесени од операторите-корисници, Операторот може во рамките на техничките можности и во меѓусебен договор со Операторот-корисник да обезбеди пристап до алтернативна рута или неискористени оптички влакна (dark fiber).”

Член 6

Во член 6 став (1) по зборовите “придружната инфраструктура“ се става запирка и се додава зборот “како“, а заградата и зборовите во заградата “кабелски окна“ се бришат.

Во став (2) точките в), г) и д) се менуваат и гласат:

„в) бројот на цевки, под-цевки и нивната големина;

г) слободниот простор во каналите, цевките и под-цевките;

д) идентификација на каблите (бакарни, оптички или коаксијални) кои што се активни и оние кои што не се активни.“

Член 7

Во глава три РЕФЕРЕНТНА ПОНУДА, се додава нов член 6-а кој гласи:

„(1) Операторот-корисник може до Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошнитот текст: Агенција) да достави барање за Референтна понуда за обезбедување на физички пристап и користење на електронска комуникациска инфраструктура и придружни инфраструктурни капацитети и средства (во понатамошниот текст: Референтна понуда).

(2) Директорот на Агенцијата, во рок од седум дена по приемот на барањето ќе донесе решение со кое ќе го задолжи Операторот да ја изработи и објави Референтната понуда.

(3) Операторот треба во рок од 30 дена од денот на приемот на решението од став (2) на овој член до Агенцијата да ја достави на одобрување референтната понуда.

(4) Агенцијата во рок од 30 дена од денот на приемот на референтната понуда ја разгледува и одобрува референтната понуда, а доколку истата не е во согласност со одредбите од Законот за електронските комуникации и овој правилник ќе побара од Операторот да изврши измени на референтната понуда, со отстранување на утврдените неусогласености.”

Член 8

Во член 7 точките б), в), г) и д) се менуваат и гласат:

„б) да ги дефинира пречникот на цевките, подцевките или микроцевките кои што може да се користат;

в) да се дефинираат принципите како да се одбележуваат цевките и подцевките;

г) информации за расположливи капацитети на каналите и цевките;

д) спецификации што се однесуваат на завземањето на расположливите канали по принцип на цевки, под-цевки или микро-цевки со цел да се направи поделба на каблите помеѓу различни оператори, како и распоредот на кои што под-цевките и микро-цевките може да се сместат во цевките. Само целосни под-цевки може да бидат доделени на некој оператор, т.е. не може заеднички да се користат одредени под-цевки помеѓу повеќе оператори;“

Член 9

Во член 8 став (1) точката б) се менува и гласи:

„б) потребниот канален простор, т.е. потребниот пречник на цевката и/или под-цевката за кој што операторот-корисник е заинтересеиран да го користи;“

Став (4) се менува и гласи:

„(4) Техничкото решение од став (3) на овој член треба да содржи:

а) технички опис на предметното барање;

б) состојба на кабелската канализација на предметната траса;

в) локација на сите кабелски шахти и кабелски галерии;

г) број и типот на каналите и/или цевките помеѓу кабелски шахти и кабелски галерии;

д) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на каблите за потребите на Операторот-корисник;

ѓ) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на цевки и/или под-цевки и останати работи како поправање и проширување на кабелска канализација за потребите на операторот-корисник.“

Во став (7) зборовите во заградата “под канали и цевки“ се заменувааат со зборовите “цевки и/или под цевки“.

Во став (8) заградата и зборовите во заградата “кабелски отвори окна“ се бришат.

Член 10

Членот 10 се менува и гласи:

„(1)Операторот во референтната понуда објавува поединечни цени за сите елементи за пристап до кабелската канализација, придружната инфраструктура и неискористените оптички влакна (dark fiber), со цел да се овозможи операторот-корисник да не плаќа за елементи на мрежата или придружни средства кои што не му се нужно потребни за вршење на неговите услуги.

(2) Цените за пристап до каналите и придружната инфраструктура и неискористените оптички влакна (dark fiber) треба да бидат ориентирани на трошоци.

(3) При утврдувањето на усогласеноста на обврската од став (2) од овој член, Агенцијата ќе ја користи LRIC методологијата, со можност долгорочната предвидлива вредност на неопходните мрежни елементи да се пресметува користејќи ги како основа тековните трошоци на операторот.

(4) Само променливите трошоци кои што се резултат на наметнатите обврски за да се развие информационен систем достапен од интернет може да се сметаат за релевантни. Поради тоа во цената за пристап не треба да бидат вклучени трошоците поврзани со:

а) дополнителни истражувања со цел да се обезбедат информациите за каналите и придружната инфраструктура;

б) ажурирање на податоците;

в) картографски информации;

г) апликативен софтвер.

(5) Во случај на значајна разлика во трошоците за различни области (терминирана, влезен сегмент-feeder и агрегациски сегмент – backhaul ), операторот не треба да обезбеди пристап по единствена цена која што претставува нивни просек.“

Член 11

Прилог 1 се менува и истиот е составен дел на овој правилник.

Член 12

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

По влегувањето во сила овој правилник ќе се објави на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 0101-163/5
18 април 2017 година
Скопје

Директор,
**Сашо Димитријоски**, с.р.

ПРИЛОГ 1


оптички кабел
коаксијален кабел
пристапна мрежа (Бакарна/NGA/HFC мрежа)
дистрибуциска точка
Главен/Оптички/HFC разделник (Main/ Optical/CMTS)
внатрешни инсталации во згради
терминирани сегменти
влезен сегмент (eng. feeder)
етернет агрегациски сегмент (eng.backhaul)
централна мрежа (NGN core network)
FTTH P2P
( оптика до дома точка-до-точка )
спојна кутија
дистрибуциска точка
ODF
IP управувана мрежа (backbone)
FTTH PON
(оптика до дома точка-повеќе-точки)
спојна кутија
оптички сплитер
ODF
IP управувана мрежа (backbone)
HFC
(Хибридна оптичка коаксијална мрежа)
спојна кутија
Оптички јазол
CMTS
IP управувана мрежа (backbone)